# ФИНАЛЕН ЕКСПЕРТСКИ ИЗВЕШТАЈ

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Инвентар на недврни шумски производи од висок економски бенефит и нивниот потенцијал за органско култивирање во Националниот Парк Маврово и Националниот Парк Шар Планина**

**Извештај го подготви:** Бесник Реџепи

**Експерт по:** НеДрвни Шумски Производи (НДШП)

**По упатствата на:** ЦНВП Северна Македонија

Јуни, 2023

**Кратенки**

**МЖСПП-** Министерство за животна средина и просторно планирањеж

**ЈПНШ** – Јавно претпријатие „Национални шуми“

**МЗШВ** – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НП** – Национални Паркови

**НДШП** - НеДрвни Шумски Производи

**ЕУ** -Европска Унија

**САД** – Соединети Американски Држави

**ПМФ** – Природно Математички Факултет

**РСМ** – Република Северна Македонија

**ГМО** – Генетски Модифицирани Организми

**ЦНВП** – Организација за поврзување на природни вредноси и луѓе

**СПШ** – Сопственици на Приватни Шуми

**ЕУ** - Европската Унија

**СОДРЖИНА:**

Вовед ........ 5

1 Основни податоци за НДШП ........ 5

1.1 Институционални аспекти ........ 6

1.2 Тековна состојба со НДШП во проектниот регион ........ 7

2. Теренска студија и интервјуа ........ 7

2.1 Теренска студија ........ 7

2.2 Методи на собирање на податоци ........ 8

2.3 Посети на зелени и улични пазари ........ 9

2.4 Флуктуирачка достапност на собирачи ........ 9

2.5 Класификација на собирачи – нивен пристап и став кон НДШП ........ 9

2.6 Загриженост за одрживоста на НДШП ........ 10

2.7 Фокус ........ 10

2.8 Профил на собирачи ........ 10

2.8.1 Профил – Професионалци (добро упатени) ........ 13

2.8.2 Профил – Опортунисти (амбициозни) ........ 13

2.8.3 Профил – Корисници (традиционални) ........ 13

2.8.4 Профил – Ентузијасти (аматери) ........ 14

2.9 Ланец на вредности на диви видови НДШП ........ 14

3. Идентификација на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија кои имаат висок економски потенцијал во регионот на Националниот Парк Маврово и Националниот парк Шар Планина (во соработка со консултантот за биодиверзитет и другите чинители) ........ 15

4. Национален Парк Маврово и Национален Парк Шар Планина ........ 16

4.1 Листа на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија кои е дозволено да бидат собирани ........ 16

5. Социо-еколошка рамка за одржливо управување со НДШП во Националните Паркови “Маврово” и “Шар Планина” ........ 21

5.1 Зошто се важни социо-еколошките параметри? ........ 21

5.2 Препораки за мониторинг на таргет видовите ........ 23

6 . Анализа на потенцијалот за органска култивација на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија во заштитените подрачја ........ 23

6.1 Предлози за релевантните видови и пилот локации погодни за нивно култивирање ........ 24

6.2 Потенцијал за органско култивирано одгледување на растенија ........ 24

6.2.1 Култивирано одгледување на шарпланински чај (*Sideratis scardica* Griseb.) ........ 24

Производство и принос ........ 25
6.2.2 Култивирано одгледување на линцура (*Gentiana lutea* L.) ........ 26
6.2.3 Култивирано одгледување на жалфија (*Salvia officinalis* L. ) ........ 26
Сеење на жалфијата ........ 27
Нега на посевот ........ 28
7.1 Национален Парк Маврово и Парк Шар Планина – Идентификација на бизниси и домаќинства ........ 28
7.2 Бизнис профил на откупувачи (колекционери) и производствени компании ........ 31
7.3 Бизнис профил на компанијата Гринфунго Доо ........ 31
7.4 Бизнис профил на компанијата Бимнас Дооел ........ 33
7.5 Бизнис профил на компанијата Меби-Прима Доо ........ 33
7.6 Бизнис профил на компанијата Рек-рубинеттерие Доол ........ 34
8. Заклучоци од студијата ........ 35
9. Препораки за модели на поддршка на локалното население и мали претпријатија во заштитените подрачја кои работат со недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија ........ 36
Предлог проект # 1 – СЕРИЈА ВЕБИНАРИ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА НДШП (ZOOM или MEET) ........ 37
Предлог проекти # 2 - ИЗРАБОТКА НА ИНТЕРАКТИВЕН ПРИРАЧНИК ........ 37
Предлог проекти # 3 - РЕСУРСНА ПРОЦЕНКА НА БОРОВИНКАТА ........ 38
Предлог проекти # 4 – ПОДДРШКА НА ОТКУПНИ ЦЕНТРИ ........ 38
Предлог проекти # 5 – СОЛАРНА СУШАРА ........ 39
Предлог проекти # 6 – СТАРТ-УП (РОСТУША 2023) ........ 39
Предлог проекти # 7 – ЖЕНИ-ПРЕТПРИЕМАЧИ ........ 40
Предлог проекти # 9 - РУРАЛНИ ВЕШТИНИ ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ ........ 41
Предлог проекти # 10 - ДОБРИ ПРАКТИКИ ........ 42
Предлог проекти # 11 - ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ ........ 42
Предлог проекти # 12 - АНАЛИЗА НА ЕКОЛОШКО ПРОИЗВОДСТВО ........ 43
Предлог проекти # 13 – КОНСОЛИДАЦИЈА НА СОБИРЧИ ........ 43
Предлог проекти # 14 – ПРИРАЧНИК ЗА КУЛТИВИРАЊЕ НА ЛЕКОВИТИ И АРОМАТИЧНИ РАСТЕНИЈА ........ 44
Предлог проекти # 15 – БИЗНИС ПЛАН ........ 44
Користена литература ........ 45

**Вовед**

Иако во Националните Паркови “Маврово” и “Шар Планина” собирањето и користењето и трговијата на НеДрвни Шумски Производи (НДШП) има долга традиција, нивната социо-еколошка и социо-економска важност е препознаена дури во последните децении. Во поново време, покрај примената во традиционалната фито-терапија, лековитите растенија, габите, шумските плодови од двете заштитени подрачја се користат и во различни гранки на индустријата (фармацевтската, прехрамбената, козметикчка, итн.).

Пред се интересен е фактот дека некои производи од НДШП за локалното население се поважни дури и од дрвјата. Сепак, освен што се интересни во овој поглед, еден од позначајните аспекти на погореспоменатите природни ресурси е нивното препознавање и придонес кон одржувањето на биолошката разновидност.

Според наведените одлики на недрвните производи, ЦНВП - – *Организација за поврзување на природни вредноси и луѓе*, подружница во Република Северна Македонија, Скопје, придонесува кон зачувување, интегрирање и одржливо користење на овие природни ресурси во рамките на програмите и стратегиите на двата Национални Паркови “Маврово” и “Шар Планина”. Правецот на ЦНВП е вкорнат во препознавање на јасната поврзаност на заштитата на биолошката разновидност и поттикнувањето на одржливиот развој на секторот. Во овој контекст, пристапот на организацијата овозможи простор и за дел од експерти кои преку нивната анализа допринесуваат кон подобрување на заштитата на животната средина и развивање на социо-економската благосостојба кај локалното население. Дополнително, ангажманот на експертите допринесува кон одржливо управување, поттикнување на фер трговија и спроведување на ефективни мерки кон мониторинг и зачувување на НДШП.

Како и да е, с’ржта на концептот е верувањето дека соработката помеѓу, управувачите на НП, експертите и другите чинители е од клучно значење за постигнување на синергија односно рамнотежа помеѓу искористувањето на природните ресурси и долгорочното зачувување на шумите. Секое од погоре наведените гледишта наложува вреднување и заштита на овие ресурси во тековната филозофија на локалните заедници, чија улога е клучна во развивање на секторот.

Понатаму, постојат онолку потенцијални димензии за подобрување на трговијата и маркетингот со НДШП кои може да обезбедат нови економски можности. Овде спаѓа и димензијата на вклучување на маргинилизираи групи (жени, девојки, етнички групи кои се под социо-еволутивни и културни влијаниа, пр., горани итн) кои може да придонесат за селскиот развој и намалување на притисокот за сечење на дрва.

## 1. Основни податоци за НДШП

Производите што ги сочинуваат недрвните шумски производи се добра и придобивки од шумата и шумската почва. Во поширока смисла, тие вклучуваат добра во рамките на општите корисни функции на шумите, со исклучок на дрвени производи. Тие вклучуваат и општествени функции (туристички, рекреативни, естетски, и здравствени), и еколошки, односно заштитни функции (хидролошки, антиерозивни, климатски, итн.). Со рационално управување, повеќето од нив се обновливи, а најчесто се појавуваат природно, без вештачки интервенции.

## 1.1 Институционални аспекти

НеДрвни Шумски Производи (НДШП) преставуваат природни ресурси извадени од шумите, кои не вклучуваат сечење на дрва. Според одредбите на член 12 од Законот за Шумите (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – МЗШВ), НДШП преставуваат производи од биолошко и минерално потекло во шума и на шумско земјиште, и тоа: мов и лишаи, папрат, треви, цвеќе, лековити ароматични, јадливи и индустриски растенија, други растенија (од недрвни видови) и нивни делови (корења, кора, листови, плодови, патолошки израстоци, полупаразитски и паразитски растенија), габи, сокови од растенијата, трева за сено од шумски ливади и голини, дивеч и други диви животни кои живеат во шума, тресет и хумус, песок и камен. Меѓутоа, од инстутционален аспект НДШП се дефинирани и од Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање (МЖСПП). Според МЖСПП НДШП се дефинирани како *диви* - „див вид подразбира вид или подвид растение, габа или животно кој не настанал под влијание на човекот како последица на одгледување“ - член 6, точка 26 од Закон за заштита на природата (2004).

Управувањето и одржливото користење на засегнати и заштитени видови на НДШП се во надлежност на Јавните установи национални паркови Маврово и Шар Планина. Инаку, со шумите кои се наоѓат надвор од грнаниците на националните паркови се под надлежност на МЗШВ. Така, согласно со начелата на заштитените подрачја управувањето на природните ресурси во државните шуми е доверено на Јавно Претпријатие Национални Шуми (ЈПНШ), додека сопствениците на приватни шуми (СПШ) се одговорни за управување со сопствените (приватни) шуми. Меѓутоа од аспект на институционалната рамка тука е вклучено и МЖСПП. Накратко, двете министерства пропишуваат закони кои ги регулираат НДШП, додека субјектите кои управуваат со заштитените подрачја и ЈПНШ се одговорни за управување со НДШП. Од тука, фактичката состојба укажува на тоа дека во просторот управуваат двајца управители секој со свои закони, интереси и буџетни средства. Ваквата поставеност на институционалната рамка предизвикува и конфилкт на интереси во доменот на ингеренциите, а штетата најверојатно се одразува и врз природата.




**Слика 1.** Шематски приказ на институционални аспекти

Имајќи го во предвид погоре изнесеното се стекнува мислење дека инструменти кои имаат удел во трговијата со НДШП се само правно обврзувачи на национално, регионално и меѓународно ниво (закони, подзаконски акти, меѓународни конвенции). Меѓутоа, тука не треба да се занемарат и инструментите кои имаат доброволен удел во смисол на сертификација на НДШП и екомаркици. Како последица на ваквата институционална рамка може да се заклучи дека политиките и документите кои го регулираат користењето на НДШП сеуште не се харморизирани.

## 1.2 Тековна состојба со НДШП во проектниот регион

Анализата на употреба, трговија и останатите аспекти на ланецот на вредности на НДШП во рамките на Националните паркови "Маврово" и "Шар Планина" е спроведена од Доц. д-р. Бесник Реџепи.

Имјаќи во предвид дека Република Северна Македонија (РСМ) во рамките на прговарачкиот процес (скриниг процесот) со Европската Унија (ЕУ) го отвара и Преговорачкото Поглавје 27 за животна средина, сметаме дека преку нашата активност ќе допринесуваме кон креирање на нови политики и прилагодувања на секторот од правен, административен и финансиски аспект.

Според нашата анализа користењето на самоникнати НДШП е традиција која во одредена мера се прилагодува кон современите предизвици. Во однос на погореспоменатите заштитени подрачја, најмногу се употребуваат и тргуваат лековитите растенија, следени од печурките, шумските плодови, а во помала мера се користат и дабовиот лишај, глината, полжавите, итн.

## 2. Теренска студија и интервјуа

### 2.1 Теренска студија

Во текот на мај и јуни дел од тимот на експерти ангажирани од ЦНВП – Скопје, посети дел од населените места кои се наоѓат во рамките на границите на националните паркови Маврово и Шар планина и дел од населените места надвор од истите. Во рамките на истражувањето беа опфатени општините: Маврово и Ростуша, Тетово, Гостивар, Боговиње, Врапчиште и Теарце. Поточно, на ова активност и претходеше подготовка на детален план за посета на вкупно 38 локалитети (Одри, Лешок, Теарце, Нераште, Пршове, Бозовце, Бродец, Лисец, Вејце, Вешала, Шипковица, Гајре, градот Тетово, Пирок, Раковец, Боговиње, Урвич, Јеловјане, Ново Село, Вруток, Форино, Србиново, Лакавица, Равен, Мали Турчане, Орќуше, Калишта, Ломница, Горјане, Ѓурѓевишта, Сенакос, Неготино, Беловиште, Ратае, Орашје, Прелубиште, Рогачево и Старо Село). Покрај тоа планот вклучуваше потенцијални контакти, доставени од ЦНВП, НП Маврово и НП Шар Планина. Клучен чекор кон остварување на планот беа потенцијалните контакти доставени од страна на ЦНВП, и управувачите на горенаведените јавните установи.

При теренската активност се применуваше партиципативен пристап пришто беа земени во предвид гледиштата на инволвираните чинители (како на пр. локално население,

собирачи, откупувачи, преработувачи, производители, зелени и улични пазари и други) надополнети со фото документација.

Имплементацијата на сеопфатниот план во подрачјето на интерес се водеше преку пристапот на областа на етнобиологија и претходните искуства на дел од стручниот тим. Со ваквиот пристап се осврнавме да ја прикажеме социо-економската, социо-еколошката но и културната рамка и важност на НДШП. На ова се надоврзува разговорот со локалното население и учествување во нивните секојдневни активности.




**Слика 2.** Инструменти кои имаат удел во трговијата со НДШП

## 2.2 Методи на собирање на податоци

Методолошкиот пристап за добивање на информациите потребни за овој истражувачки извештај е базиран пред се по пристапот на етнобиолошката област која вклучува етноботанички, етномиколошки и антрополошки методологи. Пристапот имаше за цел првенствено да ги документира традиционалните ботанички и миколошки сознанијата преку длабински интервјуа (*in depth*) но и полуструктуирани интервјуа и фокус групи дискусии со засегнати чинители во рамките на ланецот на вредности. Експертскиот тим ги спроведе овие техники со цел да испорача севкупно реално сценарио за НДШП.

Пред пристапување кон интервјуирање, тимот подготви различни прашања за сите чинители. Прашањата поврзани со традиционалната употреба на лековитите растенија и медицинските габи се осврнуваа на етнотаксономијата, потеклото, живеалиштата, користените делови, причината за која се употребуваат и методите на подготовка и администрација. Додека, прашањата за другите групи на собирачи беа ориентирани кон видовите кои ги собират и нивните ставови и пристапи. Додека се спроведуваа интервјуата со собирачите, откупувачите и преработувачите прашањата се фокусираа во голема мера на видовите, нивниот квалитет и интеракциите помеѓу нив. Тимот ги креираше прашањата за вовед во интервју на македонски јазик и албански јазик. Така на пример, при теренската работа се следеше следниов примерок на прашања:

*Примерок прашања за преработувачи*

i. Со колку собирачи работите во моментов?
ii. Колку од нив се преставници на маргинализираниte групи
iii. Колку од нив се мажи-жени
iv. Кои сертификати за квалитетот или традиционалн методи на собирање се потребни за извоз на вашите производи во земјите на ЕУ и други земји како што се САД?

*Примерок прашања за производствените компании се како што следува*:

i. Можете ли да ни дадете преглед на тоа како работите со локалните собирачи, агентите и откупните центри?
ii. Кои упатства ги користи вашата компанија за да одлучи од кои собирачи, откупни центри (квалитет, загарантирана количина итн.) да обезбедува суровина?

**2.3 Посети на зелени и улични пазари**

Соглед на тоа дека концептот на поголемите пазари често го засенува вниманието на локалната трговија со многу традиционални важни производи се одлучивме да ги посетиме истите.

Водени од претходните искуства, забележуваме дека некогашната локална перспектива за НДШП е засекогаш променета. Промената доаѓа како резултат на ерозија на традиционалните сознанија. Сега сме веќе длабоко навлезени по патеката на непознатото каде пред се обрвнуваме внимание на преносите и "произведената колочина". Затоа, дел од она што сакавме да го истражиме беше да ја разбереме интеграцијата и важноста на НДШП индустријата во секојдневниот живот во двата НП.

За да добиеме вистинско сценарио, нашиот тим реализираше интервјуа во двата најголеми зелени пазари во градовите Тетово и Гостивар, и уличните пазари во с.Пирок, с. Неготино, во маркетите на Маврово со цел да се има увид за општото присуство на лековити и ароматични растенија, медицински габи и слично. Додека се движевме низ локалните пазари долж проектниот регион, посетивме уличен пазар во село Пирок, каде двајца локални собирачи продаваа НДШП што ги собираа секој ден, заедно со останати производи.

На пазрот, направивме неколку фотографии за потребите на проектот и што е најважно, разговаравме со неколку локални собирачи од село Раковец за да разбереме каде ги собираат овие природни ресурси и колку често доаѓаат на пазарите.

**2.4 Флуктуирачка достапност на собирачи**

Преку теренската активност откривме дека социо-демографските карактеристики на НП Маврово и НП Шар Планина се однесуваат и на собирањето диви видови лековити растенија, габи, лишаи и плодови. На пример таканаречените комерцијални собирачи (види подолу под профил - професионалци) имаат тенденција да бидат повозрасни, помалку образовани, додека кај таканаречените собирачи-корисници се среќават почесто пензионери.

**2.5 Класификација на собирачи – нивен пристап и став кон НДШП**

Познати по својата биолошка и биокултурна разновидност Националните Паркови Маврово и Шар Планина имаат многу важна улога за локалното население бидејќи им обезбедуваат бројни добра и услуги вклучувајќи ги тука и НеДрвни Шумски Производи (НДШП) од растително, животинско и минерално потекло.

Значењето на одредени видови на НДШП се од големо значење за здравјето на локалното население, додека друг дел се тргуваат како суровина во рамките на локално и национално ниво. Меѓутоа, имајќи во предвид дека во двата НП-ви само мала површина е под одгледување на видови НДШП, речиси 97% од истите потекнуваат од дивината. Како и да е, одредени региони во НП Маврово и Шар Планина (претежно во висока надморска височина) беа обележени како центри на собирање на НДШП. Оттаму, суровината се транспортира до повеќе дестинации и на крајот завршуваа во производните линии (фармацевска индустрија, исхрана, итн).

## 2.6 Загриженост за одржливоста на НДШП

Неконтролираното и нелегалното собирање на НДШП од дивината продолжува да биде главна или најчеста закана за опстанокот на многу високовредни НДШП во двата НП. Се смета дека ова често доведува до намалување на распространоста на многу видови НДШП, особено на оние кои најчесто се тргуваат. Ваквиот начин на тргување може да се процени или води од фактот дека дури 50-70% од вкупниот приход на посиромашните домаќинства долж НП-ви доаѓа од продажбата на НДШП собрани од дивината. Забележено е дека остварените приходи ги прави семејствата да се почуствуват посреќни – односно она што денес го нарекуваме како "индекс на бруто среќа". Како што поминува времето постојаното зголемување на побарувачката за НДШП дополнително го зголемува притисокот врз овие природни ресурси. Така, покрај зголемување на побарувачката доаѓа и до намалување на природните ресурси.

## 2.7 Фокус

Со оглед на тоа дека во рамките на НП Маврово и Шар Планина од една страна е забележано значителна ерозија на традиционалните сознанија за собирање на НДШП а пак од друга овие природни ресурси стануваат се по интересни од социо-економски аспект, потребно е научната фела да придонесе со нови студии. Она што досега е направено се осврнува само во делот на документирање на различни модели на збирки претежно за лековити растенија и одреден вид на медицински габи. Поради ова причина, денес со соочуваме со собирачи кои се разликуваат не само по пристапот, туку и по погледите и перцепцијата. Како и да е, иако ова е од големо значење за потребите на зачувување и управување, истото не се одразува во реалноста. Следствено, на горенаведеното овој проект се фокусираше на идентификување на различни типови на собирачи и анализа на тоа како различните собирачи ги перцепираат НДШП. Примарните податоци и информации во голема мера беа документирани во различни региони или населени места на двата НП. Тука беа вклучени 38 населени места.

## 2.8 Профил на собирачи

Собирањето на диви видови НДШП преставува активност која бара време и физички напор а достапноста на работна сила е важен предуслов за собирање на пазарни количини. Собирањето на големи размери зависи од подготвеноста на локалното население да се вклучат во собирање на диви видови НДШП и продавање на овие природни ресурси кај откупните центри или агентите. Меѓутоа, треба да се истакне дека особено во регионот на Шар Планина често се среќаваат и собирачи од соседните држави (Албанија и Косово) но и од внатрешноста на државата. Треба да се истакне дека за времетраење на теренската работа истите не успеавме да ги сретнеме во проектниот регион.

Несомнено, профилот на поголемиот дел на испитаници во двата национални парка е со слични карактеристики.

Се чини дека скоро сите региони на НП-ви се користат од страна на собирачите. Меѓутоа, врз основа на нивните карактеристики, собирачите на НДШП во проектниот регион ги разликуваме како:




Од вкупниот број на собирачи со кои е направено интервју (130), 30 може да ги нарекуваме корисници (23.08%), 41 опортунисти (31.54%), 4 ентузијасти (3.08%) и 67 професионалци (51.54%).

Собирачите - професионалци кои се занимаваа со собирање на НДШП во таргетниот регион беа најмалку 2 пати повеќе во споредба со собирачите – аматери или ентузијасти. Кога се направи споредба со собирачите-корисници, процентот на собирачи-корисници беше 2 пати поголем. Така, во однос на бројот, категоријата на собирачи-професионалци формира најголем дел на собирачи. Овие четири групи на собирачи се разликуваат по нивните карактеристики и “нивниот морал”. Нивните карактеристики во однос на дванаесет параметри кои ги вклучуваат нивните ставови за НДШП и пристапот на собирање се прикажани во Табела 1.



**Слика 3.** Сушење на коприва за домашни потреби во Горна Река (с.Врбјани).

**Табела 1.** Карактеристики на различни типови на собирачи на НДШП

| Профил на собирачи | Корисници | Опортунисти | Професионалци (комерцијални собирачи) | Ентузијасти |
|---|---|---|---|---|
| Гледиште кон НДШП | Традиционална фито-терапија | Дополнителен приход | Стока за трговија | Дополнителен приход |
| Пристап кон НДШП | Врз основа на потребите | Засновано на слободно време, друга активност | Максимизирање на економски приноси | Засновано на слободно време |
| Подвижност долж границите на националните паркови | Претежно во близина на селото | Ограничена покриеност предводени од придружната примарна активност | Големо просторно ширење, често надвор од селската јурисдикција | Ограничени |
| Тековни напори | Посветени | Ограничени | Посветени | Ограничени |
| Последици кон НДШП | Минимално влијание | Ограничено влијание | Силно влијание, локално изумирање | Ограничено влијание |
| Собирање | Кога е потребно | Кога ќе се појави можност | За време на шпицот на сезоната на растење или вегетација | Во придружба |
| Трговија/Клиент | Лично (потреба на домаќинството) | Посредник (агент) | Трговци | Посредник (агент) |
| Свест | Употреба и конзервација или зачувување | Ограничена или спорадично во консултација со професионалецот | Свесни за побарувачката на пазарот | Ограничена |
| Загриженост | Многу загрижени | Загрижени | Малку | Делумно |
| Пол | Машки и женски | Генерално машки, повремено женски | Машки и женски | Машки |
| Возрасна група | 50-70 години | 30-60 години | 40-50 години | 25-35 |
| Ланец на вредности | Традиционална употреба | Локални пазари, маркети | Национален и меѓународен пазар | Локални пазари |

### 2.8.1 Профил – Професионалци (добро упатени)

Во овој профил се вклучени собирачи на НДШП кои добро го разбират секторот. Меѓутоа, за нив лековитите растенија, габите, лишаите итн преставуваат стока за трговија. Тие воедно преставуваат и најголем број на собирачи во проектниот регион (вкупно 67). За нив "наплатата" е бизнис па поради тоа вложуваат дополнителни напори кон подобрување на приносите. Поради горенаведеното е утврдено дека истите покриваат поголема површина и се впуштат во се подалечи региони. За разлика од другите собирачи таканаречените "професионалци" поминуваат значително подолго време на терен и последователно собираат поголемо количество на НДШП. Ваквиот пристап наговестува дека токму тие влијаат врз дивите популации дури и во недостапните области. Овој вид на совирачи обично бараат НДШП кои се најбарани од страна на поголемите трговци. Интересно е дека за истите фокусот на собирање се префрлува од еден на друг вид. Дел од испитаниците кои припаѓат во овој профил ни потврдија дека со тек на годините патуваат во се подалечни растојаниа за да собират. Како и да е овие собирачи се многу малку загрижени за статусот на НДШП. Според нашава проценка тие се активни помеѓу мај до септември. Остатокот од годината се фокусираат на други активности. Возраста на овој вид на собирачи се движи помеѓу 20 до 40 години.

### 2.8.2 Профил – Опортунисти (амбициозни)

Самото име на овој вид на собирачи ни покажува дека тие собират НДШП само кога ќе им се укаже можност. Земајчи ви предвид дека истите се активни само во слободно време, тука ги вметнавме мештаните кои во тек на пасење на стадата собират лековити растенија и печурки. За времетраењето на теренското истражување увидовме дека во ова група на собирачи припаѓаат околу 41 собирач. Групата се карактеризира по нејзиниот низок напор на собирање и вобичаено не се впуштат во подалечни региони долж двата НП.

Според наша проценка и соодлед на ограничените напори, сметаме дека нивното влијание врз биодиверзитетот е исто така ограничено.

Имајќи во предвид дека нивните собрани количини се минимални, помеѓу нив и трговците нема никаква интеракција. Тие своите собрани количини ги продават преку посредници. Ова група на собирачи, воглавно мажи од 30 до 60 годишна возраст не го загрозува локалниот биодиверзитет. Соодлед на тоа дека во одреден дел од активностите во домаќинството, се вклучени и жени собирачи (обично кога мажите се на работа).

### 2.8.3 Профил – Корисници (традиционални)

Во ова група влегуваат сите оние собирачи кои традиционално ги користат НДШП за лични потреби или за потребите на потесното семејство. За разлика од останатите групи на собирачи (професионалци, опортунисти и ентузијасти) чија примарна цел се социо-економските придобивки, целта кај ова група на собирачи е поврзана со здравјето. Во поретки случаи и кај овој профил на собирачи се забележува економски бенефит. Групата ги препознава скоро сите лековити растенија, габи и други шумски плодови споманти во оваа студија и генереално се активни кога ќе се јави потреба. Важи да се напоменува дека

во ова група припаѓат локалци кои живеат во поизолирани локалитети и на двата НП. Својствено на нивното делување кое се базира на долгата традиција во нивните домови може да најдат одрени видови НДШП но во сосема мали количини (претежно 300 до 500 грама сува тежина).

Групата се карактеризира по тоа што не поминуваат подолги растојаниа долж НП , но со задоволство понекогаш ја користат можноста да заработат. Тука треба да се истакне дека поради вродените карактеристики на некои растенија кои заземаат уникатни ниши, дел од ова група на собирачи поминуваат значително подалечни растојаниа. А нивната бројка изнесува 30.

За разлика од останатите групи каде грижата за биодиверзитетот не е на задоволително ниво, кај ова група се забележува поголема грижа за статусот на зачувување. Ова се должи пред се на долгата традиција и самопоставените норми. Долж двата НП категоријата на корисници е преставена и од двата пола. За ова група на собирачи треба да се води посебна грижа бидејќи е составена од постари лица (над 50 години).

### 2.8.4 Профил – Ентузијасти (аматери)

Во ова група на собирачи припаѓат сите оние собирачи кои може да ги наречеме аматери во доменот на НДШП. Нивна карактеристика е комерцијално групно собирање и објавување на видови НДШП на социјалните мрежи. Истотака, кај ова група се забележува неодржливо собирање на корените на растенијата, на пример, искорнувањето на целиот ризом на линцурата (*Gentiana lutea* L.) наместо да се остават делови под земја. Неодржливите техники на собирање кај ова груа често се поврзани со лековитите растенија но не и со печурките. Ваквите собирачи на НДШП се мажи на возраст од 18 до 25 години и во проектниот регион тие се најмлаку (вкупно 4.).

## 2.9 Ланец на вредности на диви видови НДШП

Според користената методологијата и пристапот во теренската работа се осврнавме да го разбереме ланецот на вредности бидејќи истиот ги поврзува чекорите помеѓу собирчите, откупувачите и преработувачите. Во нашиов случај ланецот на вредности обезбедува рамка за идентификување и испитување на различни актери но и ја преставува динамиката за обработка и создавање на вредност, дистрибуција но и трансфер и моќ на сознанија. Водени од ова причина за потребите на проектот изготвивме приказ и опис на целосниот ланец на вредности.




**Слика.4.** Шематски приказ на концептот на ланец на вредности

### 3. Идентификација на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија кои имаат висок економски потенцијал во регионот на Националниот Парк Маврово и Националниот парк Шар Планина (во соработка со консултантот за биодиверзитет и другите чинители)

Иако домаќинсвата во регионот на НП Маврово и НП Шар Планина кои живеат непосредно до шумите, се подлежни на социо-економски промени до одредена мера сеуште ја имаат сочувано интеракцијата со НДШП. Под ваков притисок овие природни ресурси имаат три основни функции:

1. Првично, за дел од локалното население НДШП се во функција на нивна материјална екзистенција, секојдневната исхрана, но и во функција на здравјето, итн.
2. Второ, за друг дел од локалното население во таканаречените периоди на рецесија (на пр. Загуба на приходи од одредени извори на производство – неуспех во зејлоделието) НДШП се во функција на алтернатива, и
3. Трето, одредени видови на НДШП за дел од локалното население овозможува дневна парична готовина.

Сооглед на новонастаната реалност со прогласувањето на Шар Планина како заштитено подрачје за дел од локалното население во овој регион, искористувањето на НДШП ќе преставува нов предизвик. Тука се мисли пред се на нови можности за вработување и намалување на се поголемиот проток на миграција на младите. Следствено на ова се очекува намалување на сиромаштијата.

Следниве видови НДШП кои имаат многу висок потенцијал за собирачите, откупните центри но и за развој на претпријатија се: костенот *Castanea sativa* Mill., белиот глог *Crataegus monogyna* Jacq., модрата смрека *Juniperus communis* L., шипинката *Rosa canina* L., боровинката *Vacinium myrtilus L.,* оревот *Juglans regia* L., жолтиот кантарион *Hypericum perforatum* L., бозел *Sambucus nigra* L., маччина душица *Thymus serpyllum* L., диво јаболко *Malus sylvestris* L. Дрен *Cornus mas* L., трника *Prunus spinosa* L., вргањ *Boletus edulis*, лисичарка *Cantharelus cibarius*, рујница *Lactarius deliciosus*, смрчак *Morchella conica*, срндак *Macrolepiota procera*, јајчарка *Amanita caesarea*, ѓурѓевка *Calocybe gambosa*, ливадарка *Agaricus campestris*, капина *Rubus fruticosus* L., дабов лишај *Evernia prunastri* (L.) Ach (*(Lichen quercus)*, семе и шишарки од молика *Pinus peuce*, семе од ела *Abies borisii*-regis и полжави (*Gatropoda*) , глина (*Lutum*) итн.

Единствено организирано собирање на недрвните шумски производи од страна на Националниот Парк Маврово е собирањето на елово семе. Секоја трета до четврта година, се собираат околу 20 до 30.000 шишарки, за кои Националниот парк плаќа по 0,5 €/kg

## 4. Национален Парк Маврово и Национален Парк Шар Планина

### 4.1 Листа на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија кои е дозволено да бидат собирани и нивен статус на зачувување

Богатата и разновидна природа е највредниот ресурс што Националните Паркови "Маврово и Шар Планина го поседуваат. Поради оваа причина овие заштитени подрачја се познати и по разновидната застапеност на НДШП. Меѓутоа, и покрај големата рановидност и бројот на видови на НДШП кои ги среќаваме во НП Маврово и НП Шар Планина, опстанокот на одредени видови е се позагрозен. Дел од видовите кои се презентирани во табела 2 се извадок од постоечката докемтацијата на НП (*означени со **да***), додека останатите видови се евидентирани преку овој проект и за сите нив е наведен статус на зачувување според националните црвени листи и критериумите на Меѓународната Унија за Зашувување на Природата (IUCN).

Опис на полето Статус на видот според IUCN / Национални Црвени Листи од Табела 2.
Застапеност на видови и нивен статус на зачувување се опишани во Footnote од табелата.

Табела 2. Застапеност на видови и нивен статус на зачувување

| Локално име | Научно име | Достапност според собирачите | Дозволено да се собира | Застапеност на видот во домашниот и меѓународниот пазар | Најбарани видови во домашниот и меѓународниот пазар | Статус на видот според IUCN / Национални Црвени Листи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ајдучка трева | *Achillea millefolium* | Изобилен | да | да | + | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Лековита ружа | *Althea officinalis* | Редок | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Чичок, лапа | *Arctium lappa* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Мечкино грозје | *Arctostaphylos uva-ursi* | Редок | да | да | + | ****[1]БЛИЗУ ЗАСЕГНАТ ВИД (NT)** |
| Мечкин лук | *Allium ursinum* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Шапиче | *Alchemilla spp* | Редок | Нема податоци во НП | да | | *****[2]РАНЛИВ/ ЧУВСТВИТЕЛЕН ВИД (VU)** |
| Див пелин | *Artemisia vulgaris* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Волчјо јаболко | *Aristolochia clematitis* | Редок | Нема податоци во НП | поретко | | *****РАНЛИВ/ ЧУВСТВИТЕЛЕН ВИД (VU)** |
| Сосенка | *Anemone nemorosa* | Изобилен | Нема податоци во НП | поретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Змијарник | *Arum maculatum* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Петровец | *Agrimonia eupatoria* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Овчарска торбичка | *Capsella bursa-pastoris* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Решетка | *Carlina acaulis* | Изобилен | Нема податоци во НП | поретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Атропа | *Atropa bella-donna* | Изобилен | Нема податоци во НП | поретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Вилино сито | *Carlina sp* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Проточинка | *Buglossoides purpurocaerulea* | Изобилен | Нема податоци во НП | Многу ретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Камилица | *Chamomilla recutita* | Изобилен | да | да | + | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Бел глог | *Crataegus monogyna* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Дива леска | *Coryllus avellana* | Изобилен | да | | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Коњски опаш | *Equisetum arvense* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Ѓаволски усни | *Leonurus cardiaca* | Редок | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Смил | *Helichrisum arenarium* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Кукурек | *Helleborus odorus* | Изобилен | Нема податоци во НП | поретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Бел трн | *Eringium campestre* | Изобилен | Нема податоци во НП | поретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Здравец | *Geranium macrorrhizum* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |

[1] **БЛИЗУ ЗАСЕГНАТ ВИД (Near Threatened)
Видот е близу засегнат, кога не ги исполнува критериумите за критично загрозен, загрозен и ранлив/чувствителен вид, но е близу до исполнување на истите или веројатно ќе ги исполни во блиска иднина.

[2] ***РАНЛИВ/ ЧУВСТВИТЕЛЕН ВИД (Vulnerable)
Таксонот/видот се смета дека е ранлив/чувствителен кога ги исполнува меѓународно прифатените критериуми за класификација во оваа категорија и се соочува со висок ризик од исчезнување во природата, врз основа на исполнување на било кој критериум од А до Д за категорија Ранлив/чувствителен.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Глувшешки уши | *Hieracium spp* | Изобилен | Нема податоци во НП | поретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Црвен кантарион | *Centarium ertythraea* | Редок | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Иванско цвеќе | *Galium verum* | Изобилен | Нема податоци во НП | поретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Орев | *Castanea sativa* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Мало жабиче | *Digiralis lanata* | Изобилен | Нема податоци во НП | Многу ретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Големо жабиче | *Digitalis grandiflora* | Изобилен | Нема податоци во НП | Многу ретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Јодирано млеко | *Chelidonium majus* | Изобилен | Нема податоци во НП | не | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Чуен | *Chenopodium spp* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Чикоре | *Cichorium intybus* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Дрен | *Cornus mas* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Жолт смил | *Helichrysum arenarium* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Жолт кантарион | *Hypericum perforatum* | Изобилен | да | да | + | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Шумска јагода | *Fragaria vesca* | Изобилен | Нема податоци во НП | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Перуника | *Iris germánica* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Модра смрека | *Juniperus communis* | Изобилен | да | да | + | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Свиларка | *Lychnis coronaria* | Изобилен | Нема податоци во НП | ретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Блатна врбица | *Lythrum salicaria* | Изобилен | Нема податоци во НП | Многу ретко | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Дабов лишај | *Evernia prunastri* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Црн слез | *Malva sylvestris* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Зајачки трн , Грмотрн | *Ononis spinosa* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Планински чај/оригано | *Origanum vulgare* | Редок | да | да | + | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Божур | *Paeonia peregrina* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Теснолистен тегавец | *Plantago lanceolata* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Широколистен тегавец | *Plantago major* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
| Јаглика, петопрст | *Primula veris* | Изобилен | да | да | + | *****РАНЛИВ/ ЧУВСТВИТЕЛЕН ВИД (VU)** |
| Трника | *Prunus spinosa* | Изобилен | да | да | | БЕЗ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ (DD) |
Интервјуто го водеше Бесник Рецепи кој ги постави полуструктурираните прашања. Причината за интервјуто беше да се идентификува улогата што ја имаат малите претпријатија како откупувачи и производствени компании во трговијата со НДШП и да се проучи односот помеѓу нив и собирачите од регионот на НП Маврово и НП Шар Планина. Според овој центар за откуп бројот на собирачи со кој соработуваат се движи до 300 од кои 30 се активни во опсегот на НП Маврово и НП Шар Планина. Од нив 75% се македонци и 25% албанци. Додека течеше интервјуто имавме можност да разговараме и со двајца собирачи од с.Зубовце Славчо Максимовски -Зубовце (070 252 710) и Игор Исајловски (070 329 533). Компанијата тврдеше дека има добиено можност од МЗШВ, сектор природа дозволи за собирање, иако собирачите тврдеа дека истата ја довиват во НП Маврово со парична надокнада. Собирачите тврдеа дека никогаш немало обука или тренинзи. За времетраење на интервјуто Илбер Садику од **Грингунго Доо** ни дозволи да влеземе во сите простории на компанијата пришто ни беа на увид видовите кои ги откупуваат. Нивен откуп беа вргањот *Boletus edulis*, лисичарката *Cantharellus cibarius*, рујница *Lactarius deliciosus*, смрчак *Morchella conica*, јајчарка *Amanita caesarea*, ѓурѓевка *Calocybe gambosa*, ливадарка *Agaricus campestris*, модра смрека *Juniperus communis*, Дива боровинка *Vaccinium myrtillus*, дива капина *Rubus creasus*, и јатки од Орев *Juglans regia* (последните два видови се увезуваат од Украина и Молдавија).



**Слика 7**. Гринфунго Доо

### 7.4 Бизнис профил на компанијата Бимнас Дооел

Разговорот со сопственичката на компанијата Бимнас Дооел, Ирена Билевска се реализираше од Бесник Рецепи во придружба на Садик Абдираими од ЦНВП. Компанијата фукционира со двајца редовни осигурани работници и сезонски ангажман на повеќе од 50 собирачи (претежно жени). Компанијата поседува Сертификат за Квалитет (IASS:2019-2023). Видови кои ги откупува беа вргањ, лисичарка и смрчак а со помала фреквенција смрека и јаглика. Треба да се напомене дека ова мала компанија ја врши дејноста во многу скромни услови за работа. За времетраење на разговорот имавме можност да се запознаеме и со семејството на Весна Димитријевска од Железна Река кои го доставија собраниот материјал во откупниот центар.



**Слика 8.** Преработка на печурки во компанијата БИМНАС ДООЕЛ Гостивар

### 7.5 Бизнис профил на компанијата Меби-Прима Доо

Разговорот сопственикот Гзим Ајдин од с. Пирок го водеше Бесник Рецепи. За времетраење на разговорот со г. Ајдини бевме известени дека пунктот работел само околу 30 дена во 2023. Инаку ова компанија била дел од проект на УСАИД пришто добила грант за сушара и ладилник.

### 7.6 Бизнис профил на компанијата Рек-рубинеттерие Доол

Разговорот беше реализиран од стана на Бесник Реџепи и Садик Абдираими од ЦНВП во с.Пирок со г. Гајур Јакупи сопственик на откупниот центар **Рек-рубинеттерие Доол**. Овој откупен центар се разликува од сите останати откупни центри во проектниот регион. За времетраење на теренската работа и проверка на откупните центри долж проектниот регион само во овој пункт се сретнуваше суровина од лековити растенија и шумски плодови. Истотака, за разлика од сите останати пунктови само во овој пункт имаше повеќе пријавени редовни вработани (вкупно 4) не земајќи ги во предвид собирачите со кои соработува. Ова компанија бара подршка за обезбедубање на ново работно место -дипломиран шумски текничар (г. Столе од с. Зубовце како потенцијален).




**Слика 9.** Откупен центар на НДШП во с. Пирок (Општина Боговиње)

За времетраење на истражувањето имавме можност да размениме мислења и со компании кои ја прекинале дејноста по КОВИД-19. Се работи за компанијата Вал Фунги Доо со седиште во гостивар, Фунги компани Доо со седиште во с. Трново.

При теренската работа се среќаваа и агенти-откупувачи (воглавно нерегистрирани: Стефановски Будимир – Буде 078 241 083 и Кике од Струга).

*Напомена*: За време на нашата теренска посета, нашиот тим помина неколку дена во рамките на НП Шар Планина и НП Маврово. Бидејќи паралелно со интервјуата на колекционерите тимот вршеше и интервјуа со поединци собирачи сепак најдовме за сводно да ги прашаме колекционерите доколку имат сознанија за полиња каде се култивирани НДШП што нашиот тим може да ги посети со цел да стекне разбирање за култивирање на НДШП наспроти дивите НДШП.

## 8. Заклучоци од студијата

Од презентираните резултати може да се заклучи дека овој вид на истражување, со сите недостатоци и тешкотии при неговото спроведување, обезбедува доволно податоци и информации за објективна проценка на состојбата на недрвните шумски производи во Националните Паркови Маврово и Шар Планина.

Во одредени делови се евидентираните разлики помеѓу оваа студија и теоретските знаења. Ова разлика се должи, пред се на миграцијата на населението, природниот одлив на постарата популација и можеби учеството на мал број на испитаници.

Кога се осврнавме да ја разбереме важноста на шумите од перспектива на локалното население се увиде дека во поголема мера тие ги вреднуват недрвните шумски производи поради здравствените и социо-економските придонеси. Во однос на ова многу е тешко да се направи точна процнека колку од овие природни ресурси се користат за лична употреба и колку се тргуваат.

Според видот на недрвени шумски производи, на прво место се лековитите растенија (45%), потоа шумските плодови (39 %), и габите (16 %).

Разликите во употребата на НДШП меѓу националните паркови не се статистички значајни. Но тука исклучок прават печурките кои во рамките на НП Маврово се поинтензивно собирани и тргувани.

Интересот за започнување бизнис со НДШП кај сопствениците на приватните шуми е за три пати поголем во споредба со останатите собирачи кои немат своја сопственост.
Што се однесува до партнерството со други претприемачи, интерес има, но најмногу во градот Гостивар (пример Гринфунго Доо и Бимнас Доо).
Добиените резултати укажуваат на задоволително ниво на употреба на недрвени шумски производи, особено шумски плодови.

Овде може јасно да се препознае потребата од поголемо влијание на управната служба за подигање на свеста за можностите за подобрување на шумските имоти и започнување на приватно претприемништво засновано на поинтензивно користење на шумските производи и услуги.

Несомнено е дека постои и корист за индустријата на НДШП во Националите Паркови Маврово и Шар Планина во дефинирањето на стандардите за најдобри практики, како во смисла на одржливо собирање, така и во односот на фер трговија.
Процентот на потрошени и продадени НДШП во голема мера варира во зависност од областа, етничката група и видот на производот.

Собирачите се демотивирани во однос на цената на НДШП која според нив наместо да расте опаѓа. Можеби токму ова влијае и на немањето дозволи на собирање (околу 95%).

Политичкиот систем на Северна Македонија се соочува со значителен надворешен притисок кој се должи пред се на намерата земјата да стекне статус на земја кандидат за ЕУ, пришто притисокот кон хармонизација на законодаството наложува и промени во секторот на шумарство (МЗШВ) и природа (МЖСПП). Како и да е собирањето и управувањето со целните видови НДПШ во НП Маврово и НП Шар Планина е во согласност со сите закони и одредени релевантни меѓународни договори и регулативи, вклучувајќи ги и оние поврзани со заштитените видови и природните области.
Вреди да се напомене дека во одредени случаи поради неконзистентната терминологија користена за НДШП, актерите: животна средина, шумарство, управители на НП, царина и статистика, не овозмпжуваат поефикасно и поефективно партиципативнио управување.

Како и да е во однос на оваа прашање НП Шар Планина преку Планот за управување (2022-2031) односно оперативниот план веќе имаа насоки за сите зони а истото наскоро се очекува и за НП Маврово.

Во иднина секторот треба да се развие во неколку аспекти а особено во насока на намалување на институционалната корупција.

## 9. Препораки за модели на поддршка на локалното население и мали претпријатија во заштитените подрачја кои работат со недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија

Постојат многу начини на кои може да се допринесе кон поддршка на локалното население и малите претпријатија и придонесе кон заштита на НДШП. Во проектниот регион треба да се превземаат неколку чекори и променат некои навики кои ќе имаат добра социо-економска и еколошка смисла.

- Во НП Маврово и НП Шар Планина има нереализиран потенцијал во многу аспекти, почнувајќи од развој на производи и бизнис, до маркетинг, едукација и обука, истражувања итн.
- Зголемување на координацијата помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавно претпријатие „Национални шуми“, управителите на Националните Паркови и локалното население.
- Во иднина треба да се осврне внимание кон поефикасна соработка и градење на капацитети за вмрежување на сите групи во рамките на ленецот на вредности. Со други зборови, групите и мрежите може да станат посилни во многу аспекти, вклучително и во управувањето, подобрувањето на вештините, итн.
- Управувањето со НДШП треба да се развие преку партнерства со локалното население и трговците.
- Развивање на методи за одгледување на НДШП видови
- Нагласување на можностите во руралните средини од страна на управителите на НП и општините.
- Нагласување на можностите за користење на отпадните материјали (пример коски од вишна) за нови производи (пример – пелети)

## Предлог проект # 1 – СЕРИЈА ВЕБИНАРИ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА НДШП (ZOOM или MEET)

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијалени имплементатори | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВЕБИНАР # 1 ОДРЖЛИВО СОБИРАЊЕ НА НЕДРВНИ ШУМСКИ ПРОИЗОВИ**<br>**ВЕБИНАР # 2 ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО НЕДРВЕНИТЕ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ НИЗ ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА**<br>**ВЕБИНАР # 3 “ВАЖНОСТА НА НЕДРВНИТЕ ШУМСКИ ПРОИЗОВИ И НИВЕН ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА БИОЕКОНОМИЈАТА“**<br>**ВЕБИНАР # 4 “КОМЕРЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА БОРОВИНКАТА КАКО ПРИМЕР НА НДШП -** | Серијата вебинари ќе допринесе кон промовирање и развивање на секторт на недрвни шумски производи во проектниот регион. Предложениот проект може да допринесе кон подобрување на одржливото собирање и управување со недрвните шумски производи; промовирање на добри практики за работа на биоекономијата во безбедни еколошки граници, поттикнување на одржливот развој и подигање на јавната свест кај засегнатите чинителни во рамките на националните паркови “Маврово” и “Шар Планина”. | 5000 евра | -Трансфер на знаења, искуства и добри практики преку интерактивни предавања (употреба на низа онлајн квизови).<br>-Издавање на сертификат за стекнати знаења.<br>-Наградување на 10 учесници (собирачи - аматери) ако е применливо со дозволи за собирање.<br>-Препораки за одржливо собирање<br>-Мобилизација на засегнатите чинители во развивање на одржливи и biобазирани решенија.<br>-Зајакнување на жените и младите<br>-Вклучување на маргинализирани групи<br>-Надополнување на листата на собирачи и откупувачи. | Невладини Организации (НВО).<br>Локални Акциони Групи (ЛАГ). | Поддршка на руралниот развој и поттикнување на соработка меѓу засегнатите чинители.<br>Градење на стратегија за одржливо управување на НДШП во рамките на локалните заедници<br>Подигање на јавната свест за природните и еколошко-економските потенциали на НДШП.<br>Директна финансиска подршка на собирачите – ако е применливо |

## Предлог проекти # 2 - ИЗРАБОТКА НА ИНТЕРАКТИВЕН ПРИРАЧНИК

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **ИЗРАБОТКА НА ПРИРАЧНИК ЗА СОБИРАЊЕ, ОДГЛЕДУВАЊЕ И ПРЕРАБОТКА ЗА ПОТРЕБИТЕ НП ШАР ПЛАНИНА** | Предложениот проект има за цел да допринесе кон планот на управување на НП Шар Планина. Имено, во новопрогласениот НП Шар Планина според нашите податоци досега не е изработен прирачник за собирање, одгледување и преработка на недрвни шумски производи. | 5000 евра | -Изработка на интерактивен прирачник на македонски, албански и англиски јазик.<br>-Теренска фото-документација. | Невладини Организации (НВО) во соработка со независени консултанти | Краткорочна цел: Промоција на НДШП во НП Шар Планина.<br>Долгорочна цел: Придонес кон зачувување и мониторинг на природните ресурси и правилно искористување на НДШП. |

## Предлог проекти # 3 - РЕСУРСНА ПРОЦЕНКА НА БОРОВИНКАТА

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БИОМАСА, ПРОДУКЦИЈА И ГЕОКОДИРАЊЕ НА ВИДОТ *Vaccinium myrtillus* L. ВО Н.П ШАР ПЛАНИНА** | Целта на овој предлог проект е да се процени економскиот потенцијал на видот *Vaccinium myrtillus* L., во рамките на НП Шар Планина со што би се овозможило одржливо користење на боровинката.<br>Проектот предвидува интензивна теренска и лабораториска работа пришто ќе се определи вкпната биомаса и продукција на листови, кореени и плодови и геокодирање на видот. | 12000 евра | -Континуирана теренска работа (поставување на трансектни лини долж границите на НП каде се сретнува боровинката, евидентирање на податоци)<br>-Континуирана лабораториска работа (сушење, торзично мерење на биомаса, определување на продукција<br>-Гео-мапирање | Независени консултанти | Испорака на студија преку која управителот на НП Шар Планина ќе може да го спроведе планот за управување, мониторирање и валоризира и одржливо искористување на видот. |

## Предлог проекти # 4 – ПОДДРШКА НА ОТКУПНИ ЦЕНТРИ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПОДДРШКА НА ОТКУПЕН ЦЕНТАР РЕК-РУБИНЕТТЕРИЕ ДООЕЛ** | Во рамките на проектниот регион особено во регионот на НП Шар Планина откупниот центар Рек-Рубинеттерие Дооел предводен од Гајур Јакупи е најсериозниот откупен центар. | 18000 евра | Машина за чистење на бобинки од смрека (може да се нарача во Косово).<br>-Подна сушара по примерот на ГИЗ во Косово.<br>-Фригорифер – по цена 12000 евра со димензии 8м со 5м може да се нарача во гевгелија<br>-Возило со фригорифер. | Гајур Јакупи с.Пирок (070 209 442) | Поддобрување на условите за работа |

## Предлог проекти # 5 – СОЛАРНА СУШАРА

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Колективна подвижна соларна сушара MIKON тип SKS- H25** | Целта на овој предлог проект е вмрежување на собирачите со заедничка корист. Имено, преку обезбедувањето на колективни сушари ќе се допринесе кон енергетска ефикасност, подобрување на санитарните услови и создавање на синергија меѓу собирачите.<br>Овој тип на соларна сушара не ја загрева водата туку ја грее директно суровината која се суши. Се работи за потполно природен процес на сушење на Сонце, при што се задржуваат сите природни својства на НДШП. | 6000 евра | Нарачка на две соларни сушари (една за во регионот на НП Маврово и една за НП Шар Планина)<br>Да се стапи во контакт со фирмата<br>**ZENIT INŽENJERING**<br>18 205 Niška Banja, Železnička 14a<br>Mob: 066 905 62 44<br>info@mikonsusare.rs<br>zenitnb@gmail.com<br>www.mikonsusare.rs | ЦНВП во соработка со Општини опфатени во проектниот регион, НВО, ЛАГ.<br>Месна заедниза с. Јеловјане<br>Месна заедница с. Железна Река | -Поттикнување на собирачи<br>-Подобрување на санитарни аспекти<br>-Минимизирање на троошоци на електрична енергија<br>-Создавање кохезија помеѓу собирачите<br>-Подобра заработувачка<br>-Насооки кон здобивање на Екомаркици<br>-Локални брендови |

## Предлог проекти # 6 – СТАРТ-УП (РОСТУША 2023)

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **СТАРТ-УП МОЖНОСТ - РОСТУШЕ** | Во рамките на месната заедница на село Ростуше оперираат нерегистрирани агенти-откупувачи на НДПШ. Како такви тие се стекнале со доволно вештини за да можат самостојно да вршаат откуп на НДШП. | 6600 евра | Обезбедување на соларна сушара =1200 евра плус царина<br>Опремување со веалка за смрека = 2800 евра<br>Опремување со дробилка за печурки = 2600 евра | Месна заедница Ростуше | Поттикнување социо-економски развој кај локалното население во рамките на општина Маврово-Ростуше и пошироко.<br>Зглолемување на бројот на локални собирачи. |

## Предлог проекти # 7 – ЖЕНИ-ПРЕТПРИЕМАЧИ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на жена-претприемач** | Бимнас Доо – Гостивар врши откуп на печурки и лековити растенија.<br>Во проектниот регион Бимнас Доо е единствената компанија која во дејноста на откуп вклучува жени. Стремежот на компанијата е да ги подобри условите на работа. Нивниот инвентар е застарен и имаат потреба дел од истиот да го модернизираат. | 5600 евра | Машина за сечење<br>Машина за коцка | БИМНАС ДОО - Гостивар | Подобрување на технички услови на откупниот центар |

## Предлог проекти # 8 – СПРЕЧУВАЊЕ НА КОНВЕРЗИЈА НА ЖИВЕАЛИШТА ОД ЗАКАНАТА НА НАПУШТАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ПРАКТИКИ ВО ИСКОРИСТУВАЊЕТО НА ПРИРОДНИТЕ ВРЕДНОСТИ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ СЕЛАНИ СОБИРАЧИ И ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА СОБИРАЊЕ НДШП ВО СЕЛО НИСТРОВО** | Мирсад Сефери од село Нистрово заедно со неговото семјество се едни од последните семејства кои сеуште не го напуштиле локалитетот. Мирсад е млад професионален собирач, но соглед на тоа дека тој патува многу далеку за да собира НДШП истиот бараше поддршка. Имено, за времетраење на интервјуто тој и неговото семејство праша дали е возможно преку проектот да му се обезбеди товарно животно односно превозно средство (коњ). | 5300 евра | Обезбедување на товарно животно (со цел за обезбедување превоз на товар).<br>Опремување со веалка за смрека | Месна заедница Нистрово | Овозможување на превоз, пренесување, на собраните диви растенија, габи, и слично до можни продажни откупни центри.<br>Стимулирање и мотивирање на семејството Сефери за продолжување на дејноста и стопирање на миграција. |

## Предлог проекти # 9 - РУРАЛНИ ВЕШТИНИ ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **РУРАЛНИ ВЕШТИНИ ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ (ГОРАНИ)** | Во подножјето на Шар Планина постојат само два локалитети населени со Горанци (Урвич и Јеловјане) во рамките на Општина Боговиње. Имено, иако пределот изобилува со НДШП локалното население не е претпознатливо по искористување на овие природни ресурси. | 5000 евра | -Обука за собирање на НДШП.<br>-Запознавање на локалното население за социо-економските придобивки на НДШП<br>- | Месна заедница Урвич<br>Месна заедница Јеловјане<br>ЛАГ Полог – Врапчиште | -Превенција на миграција<br>-Зголемување на свестноста за био-културните вредности кои ги поседуваат<br>-заштита на биодиверзитет<br>-Подобрување на вештини за претприемништво |

## Предлог проекти # 10 - ДОБРИ ПРАКТИКИ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **УПРАВУВАЊЕ СО НДШП ПРЕД И ПОСЛЕ БЕРБАТА** | Одгледувачите на НДШП немат доволно знаење за правилното ракување по бербата и влијанието врз квалитетот на крајниот производ. Поради недостатокот на насоки, многу одгледувачи применуваат свои индивидуални практики за управување по бербата. За време на производството и преработката НДШП се изложени на голем број микробиолошки и други загадувачи кои можат значително да го влошат квалитетот на растенијата, габите, плодовите, итн | 5400 евра | -Запознавање со барањата за квалитет по европска перспектива<br>-Определување на критериуми за квалитет<br>-Запознавање на одгледувачите како се постигнуваат стандарди на квалитет<br>-Запознавање со аспекти за специфични култури | НВО<br>Независен експерт | |

## Предлог проекти # 11 - ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ ВО ОБЛАСТА НА ОТКУПОТ И ПРЕРАБОТКАТА НА ШУМСКИТЕ ПЛОДОВИ И ЛЕКОВИТИ РАСТЕНИЈА** | Предмет на ова истражување е да се идентификуваат сите работодавачи во секторот на лековити растенија и шумски плодови во проектниот регион и нивната поврзаност со централните откупувачи и преработувачи. Ова истражување ќе обезбеди подобра проценка на управувачите на НП за нивно идно програмирање и поддршка на овој сектор | 5000 евра | Идентификување на компании, работодавачи, откупни центри, локални и регионални агенти кои се занимаваат со лековити растенија и шумски плодови во пограничните подрачја Северна Македонија – Косово и Северна Македонија Албанија. | Независен експерт<br>НВО | |

## Предлог проекти # 12 - АНАЛИЗА НА ЕКОЛОШКО ПРОИЗВОДСТВО

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА И МОЖНОСТИТЕ ЗА РАВОЈ НА ЕКОЛОШКОТО ПРОИЗВОДСТВО, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЛЕКОВИТИ РАСТЕНИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ АКЦИОНЕН ПЛАН** | Во однос на методите на прозводство, конвенционалното производство во рамките на НП Маврово и НП Шар Планина е многу далеку од еколошкото производство. Проблемите кои се јавуваат како придружници на конвенционалното производство (загадување на животната средина, негативното влијание на употреба на пестициди врз здравјето на локалното население и животните, итн) доведоа до потреба на пренасочување кон еколошкото производство. | 6000 евра | Главната цел на оваа анализа е да се укаже на предностите на еколошкиот производствен сектор на постројките на лековити растенија, што дава можност за создавање поголема додадена вредност во однос на конвенционалното производство. Покрај основната активност, предлог проектот има и неколку специфични активности:<br>Анализирање на потенцијалот на еколошкото производство на МАП растенија преку анализа на ресурсите на истражуваните области.<br>Да се даде препорака за институционален ангажман за развој на секторот со почитување на моменталната состојба.<br>Посочување на можните продажни пазари за идните производи од погоните на МАП | Независни експерти од ДУТ или УКИМ | Подобрување на благосостојбата и увид во финансиски, административни аспекти |

## Предлог проекти # 13 – КОНСОЛИДАЦИЈА НА СОБИРЧИ

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **КОНСОЛИДАЦИЈА НА СОБИРАЧИ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ГОДИШНИ ДОЗВОЛИ ЗА СОБИРАЊЕ НА НДШП** | Крајно време е неформалните собирачи на НДШП да се интегрираат во организиран систем на собирање кошто може да се спроведе на неколку начини. Една од можностите е да се организираат одделни работилници долж општините на проектниот регион од страна на НВО. | 5000 евра | -Потполна идентификација на собирачи<br>-работилници во рамките на општините<br>-Поддршка на собирачи преку издавање на дозволи за собирање | Нво<br>Општини<br>Месни заедници | Поддршка на собирачите и легално функционирање и почитување на законските обврски. |

## Предлог проекти # 14 – ПРИРАЧНИК ЗА КУЛТИВИРАЊЕ НА ЛЕКОВИТИ И АРОМАТИЧНИ РАСТЕНИЈА

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИРАЧНИК ЗА КУЛТИВИРАЊЕ НА ЛЕКОВИТИ И АРОМАТИЧНИ РАСТЕНИЈА** | Моментално во рамките на НП Маврово и НП Шар Планина не постои организована едукација ниту пак е развиена свеста за значајот и техниките на собирање на лековитите и ароматичните растенија. Поради горенаведеното потребно е да се промовира култивирањето на одредени видови на лековити и ароматични растенија. | 5000 евра | -Опис на лековити и ароматични растенија погодни за одгледување во рамките на НП Маврово и НП Шар планина.<br>-Користење<br>-Карактеристики и живеалиште<br>-Подготовка на земјиште<br>-Одгледување<br>-Берење<br>-Приноси<br>-Пакување | НВО<br>Независен експерт | Отварање на можноси за Старт-уп локални иницијативи |

## Предлог проекти # 15 – БИЗНИС ПЛАН

| Наслов | Краток опис | Финансиска конструкција | Главни предвидени активности | Потенцијален имплементатор | Социо-еконосмко влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| **ИЗРАБОТКА НА БИЗНИС ПЛАН ЗА СУШЕНИ НДШП ПРОИЗВОДИ** | Целта на овој проект е да се изработи комплетен бизнис план за прозводство на суви производи од НДШП. | 6000 евра | -Анализа на пазарот<br>-Идентификување на погодни видови шумски плодови<br>-Детална анализа на производен процес | НВП во соработка со незаивисен експерт | Отварање на можноси за Старт-уп локални иницијативи |

## Користена литература


Bjedov, L., & Povh, N. (2017). Assessment of non-wood forest products in Croatia and their economic potential. Forestry Journal, 141(3-4), 183-195.

Blazhekovikj-Dimovska, D., Velkovski, T., & Hristovski, S. (2018). Non-Wood Forest Products in the Republic of North Macedonia: State, Management, and Policies. In R. T. Ribeiro, S. I. Pascual, & L. Calvo-Iglesias (Eds.), Non-Timber Forest Products: Conservation, Management and Policies (pp. 277-292). Springer.

Current Science. (2023). Conservation and management of non-timber forest products in India. Retrieved from https://www.currentscience.ac.in/Volumes/113/11/2085.pdf [Accessed 11.06.2023].

Diaci, J., Vahčič, N., & Leban, V. (2017). The role of non-timber forest products in rural livelihoods in Kosovo. In S. Mikac & V. Krajter Ostoić (Eds.), Non-Wood Forest Products in the Balkans (pp. 137-151). Institute of Lowland Forestry and Environment, University of Novi Sad.

Dražić, G., Galić, Z., Tomašević, M., Lazić, T., Đurđić, S., & Stankov-Jovanović, V. (2017). Non-wood forest products in Serbia - status, use, and economic value. Journal of the Faculty of Forestry, 114, 99-122.

FAO. (2014). Non-wood forest products, NWFP. Retrieved from http://www.fao.org/forestry/nwfp/85685/en/

Koçi, A., Delia, L., & Alimwhilli, E. (2019). Albanian Case Study Report on Non-Wood Forest Products. European Forest Institute.

Milovac, Ž., Milovac, S., & Muzinić, J. (2018). Non-timber forest products in the context of sustainable forest management in Croatia. In Proceedings of the 12th International Scientific and Professional Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems (SDEWES), 30 September-6 October 2017, Dubrovnik, Croatia (pp. 1988-1997).

Nastovski, T., Talevski, T., & Stojanovski, S. (2017). Non-Wood Forest Products and Their Importance for Rural Development in the Republic of North Macedonia. Economics of Agriculture, 64(4), 1349-1362.

Pilas, I., & Matić, S. (2015). Non-timber forest products in Croatia: Sustainable use and rural development. In 3rd European Conference on Environmental Applications of Advanced Oxidation Processes (EAAOP-3), 24-28 October 2015, Prague, Czech Republic (pp. 16-20).

PONT. (2019). Assessment of challenges and opportunities related to non-timber forest products in the wider Prespa area. Retrieved from https://www.pont.org/wp-content/uploads/2019/06/Need-assessment-NTFP-PONT-final.pdf.

Popović, Z., Bjedov, L., Lazić, T., Tomašević, M., & Šušić, V. (2019). The importance of non-wood forest products for rural development in Serbia. Journal of the Faculty of Forestry, 116, 45-63.

Rexhepi B & Bajrami A (2018): Conservation of Wild-harvested Medicinal Plants Species in Macedonia. International Journal of Education, Science, Technology, Innovation, Health and Environment.

Rexhepi et al 2014: Cross-cultural ethnobotany of the Sharr Mountains (NorthWestern Macedonia. Chapter 5 In book: Ethnobotany and Biocultural Diversities in the Balkans. Springer.

Ruiz-Pérez, M., Ezzine-de-Blas, D., & Cámara-Leret, R. (Eds.). (2013). Current Issues in Non-Timber Forest Products Research. Center for International Forestry Research (CIFOR).

Schippmann, U., Leaman, D.J., & Cunningham, A.B. (2002). Impact of cultivation and gathering of medicinal plants on biodiversity: Global trends and issues. In Biodiversity and the Ecosystem Approach in Agriculture, Forestry and Fisheries (pp. 89-119). FAO.

Shackleton, C. M., Shackleton, S. E., & Shanley, P. (2017). Non-timber forest products in the global context: Trends and prospects. In Non-Timber Forest Products in the Global Context (pp. 1-22). Springer.

Shanley, P., Pierce, A., Laird, S.A., & Guillen, A. (2002). Tapping the green market: Certification and management of non-timber forest products. Earthscan.

Ticktin, T. (2004). The ecological implications of harvesting non-timber forest products. Journal of Applied Ecology, 41(1), 11-21.

Vasisht, K., Sharma, N., & Karan, M. (2016). Current Perspective in the International Trade of Medicinal Plants Material: An Update. Current Pharmaceutical Design, 22(27), 3989-4007. doi: 10.2174/1381612822666160607070736.

Veljanovski, V., & Stojanovska, M. (2012). Non-Wood Forest Products in North Macedonia: An Overview of Current Status and Perspectives. Silva Balcanica, 13(1), 97-111.

Меловски e tal., (2009): Студија за валоризација на природните вредности на Шар Планина и проценка на нивната пазарна вредност – завршен извештај. Министерство за животна средина и просторно планирање.

МЖСПП. (2004). Закон за заштита на придодата, 2004. Правилник за издавање дозвола за собирање на засегнати заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивните делови, 2009. (МЖСПП, 13.08.2009, Службен весник бр. 102/2009, во согласност со член 23, став 5 од Законот), Скопје.

МЖСПП (2012) Попис на издадени дозволи за собирање на габи и растенија во 2012 година, Скопје.

МЖСПП. (2014). Петти Национален Извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност, 2014. Retrieved from http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Petti-nacionalen-izvestaj_MK_designed.pdf.

МЖСПП. (2018). Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план за периодот од 2018-2023, 2018, (Усвоена од Владата на РСМ на 58-та седница на 13.03.2018), Скопје. Retrieved from http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2018/05/STRATEGIJA%20ZA%20BIOLOSKA%20RAZNOVIDNOST%20SO%20AKCISKI%20PLAN%202018_2023.pdf.

МЖСПП. (2018). Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027, 2018, (Усвоена од Владата на РСМ на 58-та седница на 13.03.2018), Скопје. Retrieved from http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/National-Strategy-for-NatureProtection-2017-2027.pdf.

МЗШВ. (2006). Strategy for Sustainable Development of Forestry in the Republic Of North Macedonia, 2006, Скопје. Retrieved from http://www.fao.org/docs/up/easypol/580/4-2_strategy-macedonia_173en.pdf.

МЗШВ. (2009). Закон за шумите (Службен весник на РМ, бр.64/09);

Трендафилов, А., Атанасовска, Ј.Р., & Симовски, Б. (2008). Анализа на приватното шумарство во Македонија и неговата улога во процесот на Националната стратегија за шумарството, Скопје. ProFor/CEPF project report. Retrieved from https://www.profor.info/sites/profor.info/files/Macedonia_for%20printing_4.pdf

Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (2006);

Извештај за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството, МЗШВ. 2017.

Национална стратегија за заштита на природа со Акционен План 2017-2027. МЖСПП, 2018.

Национална стратегија за биодиверзитет со Акциски План за период (2018- 2023). МЖСПП, 2018.

Закон за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16).

Меловски e tal., (2009): Студија за валоризација на природните вредности на Шар Планина и проценка на нивната пазарна вредност – завршен извештај. Министерство за животна средина и просторно планирање.

Миграции, 2017. Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2018. ISBN 978-608-227-3020.

UNEP. 2003. Kyiv Resolution on Biodiversity, Kiev, Ukraine, 21–23 May 2003

https://www.nff.org.mk/wp-content/uploads/2017/12/Vodic-lekoviti-bilki_04-1-1-1.pdf. Пристапено [8.06.2023].

Национална Стратегија за биолошка разновидност 2014-2018 со Акциски план; Повеќе на: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/01/Nacrt-NBSAP-20.01.2015-za-MZSPP-so-tabela-2.pdf. Пристапено [5.06.2023].

https://mia.mk/shto-poskoro-vkluchuva-e-na-mechkinoto-groz-e-vo-listata-na-zashtiteni-vidovi/ Пристапено [18.05.2023].

Процена на состојбата и ресурсите на мечкино грозје во Република Северна Македонија; Министерство за животна средина и просторно планирање, Јануари 2020 Пристапено [18.05.2023].

Изјави од самостојни собирачи на НДШП. Пристапено [континуирано Мај Јуни Јули 2023].

Новинарска сторија: Значењето на заштитените диви видови растенија и габи за биолошката разновидност, луѓето, општеството и економијата - Платформа за Еколошка Правда (ekoloskapravda.mk) Пристапено [03.05.2023].

ASEAN Guidelines for Sustainable Harvest and Resource Management Protocols for Important NTFPs/NTFP Categories with particular emphasis on honey, resin, fruits, rattan and bamboo Пристапено [16.06.2023].

Образец за теренска опсервација на васкуларни растенија, (moepp.gov.mk) Пристапено [04.05.2023].

Упатство-за-теренска-опсервација-2021.pdf (moepp.gov.mk) Пристапено [04.05.2023].

Велковски, Н., Лозановска, И. (2015): Прирачник за одржливо управување (стопанисување) со шумите на планината Јабланица (замајќи ја предвид улогата на шуми.

Закон за управување со пасишта (Службен весник на РСМ, бр.3/98).

Стратегија за одржлив развој на шумарството во РСМ (2006).

Национален план за органско земјоделство (2013-2020).

Стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност на Р. С. Македонија (2004 и 2014).

Стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020).

Стратегија за одржлив развој (2009-2030).

https://refordcentre.org/wp-content/uploads/2021/05/%D0%90%D0%BD%D0%B5%D0%BA%D1%81-1-%D0%BD%D0%B0-PEFC-MK-03-2020-%D0%94%D0%95%D0%A4%D0%98%D0%9D%D0%98%D0%A6%D0%98%D0%98.pdf Пристапено [04.05.2023].

Certifikacija i marketing nedrvnih šumskih proizvoda i usluga - ppt download (slideplayer.com) Пристапено [04.05.2023].

Упатство за начинот на вршење теренска опсервација, инвентаризација и мониторинг на биодиверзитетот и живеалиштата на територијата на Република Северна Македонија | МЖСПП (moepp.gov.mk) Пристапено [02.05.2023].

https://www.x-mol.net/paper/article/1547833260458012672 Пристапено [05.06.2023].

Microsoft Word - Regionalen plan - Maleshevo_ Municipalities (investineastregion.mk) Пристапено [06.06.2023].

https://eprints.ugd.edu.mk/3226/1/Matlievska-Brajanoska-Ohrid-2007.pdf

Оваа активност е финансирана од ПОНТ

**Дисклејмер:** Поддршката на ПОНТ за производство на ова истражување не претставува одобрување на содржината која ги одразува само гледиштата на авторите и PONT не може да биде одговорен за каква било употреба што може да се направи на информациите содржани во неа.